Врз основа на член 30 став 1, алинеја 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 48/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13 ,97/15, 129/15, 53/16 и 120/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 март 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на највисоките цени на одделни производи во трговијата на мало**

**Член 1**

Со оваа одлука се определуваат највисоки цени во трговијата на мало на: леб, сол, зејтин, млеко и млечни производи, јајца, брашно, месо, тестенини, лекови и дезифекциони средства.

Највисоките цени на производите од ставот 1 на овој член се утврдуваат на нивото на цените на истите кои се применувале на 11 март 2020 година, кога од страна на Светската здравствена организација е прогласена пандемија на Коронавирусот COVID-19.

**Член 2**

Највисоките цени на производите од член 1 на оваа одлука ќе се применуваат до 30 април 2020 година.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-2288/1**
**16 март 2020 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**